Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 28.12.2023

Секторот за внатрешни работи Тетово-Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар, по презимени мерки и активности и обезбедени материјално -технички докази во содејство и координација со Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи, СВР Скопје, ОВР Струга и ОВР Дебар целосно го расчистија разбојникот извршено на 26-ти ноември годинава во фабрика за производство на канабис за медицински цели во гостиварскиот Негриве. Земјата е очекувана (26.12 и 27.12.2023) полициските службеници лишија од слобода тет лица, а Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар до Основното јавно обвинителство Гостивар поднесе кривична пријава за сторено кривично дело „разбојничество" против; Н.И.(39) од Дебар, Н.Р.(29) и Г.С.(36) од Струга и гостиварјанетe Р.Б.(32) и Г.Б.(18). Тие се сомнежат дека на 26-ти минатот месец околу 22 часот и 30 минути физичките лица на нападнатите вработенот во обезбедувањето на фабриката во Негриве, а потоа заканувајќи му се со огнено оружје го врзале, по ногите и го просториле на правното лице одделе 44 вреки со вкупно 552, 85 килограми канабис.

На 27.12.2023 во 22.00 часот на подрачјето на Дојраџ, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје и Полициското одделение Сарај ги лишиле од слобода Б.А.(20), Б.А.(23), двајцата од Германија и И.Ч.(21) од С.Рашче, скопско, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.12.2023 во 17.45 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Ш.Е.(31) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 27.12.2023 околу 11.30 часот, со судска наредба, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 44-годишниот Х.И. од тетовска Голема Речица. Тој бил баран со централна потерница за издржување на затворска казна од две години и еден месец за сторено кривично дело „измама" по член 247 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово во Скопје за издржување на казната.

На 27.12.2023 околу 14.30 часот во с.Челопек, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово – Полициско одделение Жеровјане го лишиле од слобода И.И.(59) од село Челопек, постапувајќи по пријава дека околу 14.10 часот во селото со огнено оружје ги усмртил неговите роднини Ф.Ц.(52) и М.Ц.(28), а го повредил А.Ц.(54), сите од истото село. Осомниченото, кој, исто така, бил повреден од огнено оружје, бил привремено во полициска станица и пренесен во Клиничка болница Тетово за ургентно лекарска помош. Врз на местото извршување јавен обвинител и увидна екипа на СВР Тетово, при што биле пронајдени и одземени три пиштоли. Еден пиштол е одземен од приведеното, а останатите два биле пронајдени во непосредна близина на починатите Ф.Ц. и М.Ц.. По наредба на јавен обвинител, телата на починатите биле дадени на обдукција, а по целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2023 во 01.25 часот на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода С.Л.(26) од с.Житоше, општина Долнени, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2023, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица, во координација со инспектори од Државен пазарен инспекторат, извршиле контрола на повеќе угостителски објекти на подрачје на Струмица. Притоа, во еден угостителски објект беше констатирано присуство на малолетници после 24.00 часот, како и дде кривични дела „точење алкохолни пијалоци на малолетници", за што ќе бидат поднесени соодветни пријави. Од страна на Државниот пазарен инспекторат е донесено Решение за забрана за работа на истиот објект поради непочитување на работното време.

На 27.12.2023 во 13.00 часот на Граничниот премин „Деве Баир", полициски службеници го лишиле од слобода О.Л.(62) од Република Турција затоа што при пасошка контрола на увид приложил фалсифициран зелен картон за товарното возило „Форд" и полуприколка со турски национални ознаки, кое го управувал. Тој бил предаден на полициски службеници од ОВР Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 27.12.2023 во 13.30 часот на Граничниот премин „Деве Баир", полициски службеници го лишиле од слобода Ј.К.Ц(60) од Република Турција затоа што при пасошка контрола на увид приложил фалсифициран зелен картон за товарното возило „мерцедес" со турски национални ознаки, кое го управувал. Тој бил предаден на полициски службеници во ОВР Крива Паланка за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (27.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 130 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина осум санкции, осум мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), шест мерки за користење мобилен телефон при возење...

На 27.12.2023 во 15.50 часот во ОВР Неготино било пријавено дека на регионалниот пат Неготино – Кавадарци, кај мото викано „Катени", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „Форд" со регистрациски регистарски ознаки, управувано од С.С.(53) од село Тимјаник, неготинско, патничко моторно возило „опел" со кавадречки регистарски ознаки, управувано од П.Ј.(27) од Кавадарци и патничко моторно возило „сеат" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Д.Г.(54) од Кавадарци. По несреќата во Кавадарци биле пренесени возачите С.С. и П.Ј., каде дали констатирана смрт кај С.С., а кај П.Ј.бле констатирани телесни повреди. Увид на местото извршиле јавен обвинител и увидна екипа од ОВР Неготино. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 28.12.2023 во 00.50 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Струмица, патничко возило „инсан" со струмички регистарски ознаки, управувано од 19-годишната А.Г. од село Зубово, струмичко, удрило во А.С.(43) од Струмица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила А.С., констатиран во Медицинскиот центар Струмица, а увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица...

На 27.12.2023 во 20.27 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.М.(19) од Скопје пријавил дека ул.„Интернационални бригади" бил каснат од куче скитник.

На 27.12.2023 во Полициската станица Гевгелија, А.Н.(43) од Гевгелија пријавил дека во Гевгелија неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 27.12.2023 во Полициската станица Радовиш, Р.И.(75) од Радовиш пријавила дека во Радовиш била касната од куче скитник.

На 27.12.2023 во 13.30 часот на булеварот „Ослободување" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода А.Е.(28) од кичевското село Аранѓел. Тој, со лична карта на друго лице и без добиена согласност, се обидел да кредитно другото во Кичево да подигне кредит и на тој начин да се стекне со протиправна имотна корист. При прегледа кај него, полициските службеници ја пронашле и одделе личната карта. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Х.Н.(29) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При прегледа на неговото моторно возило „куџи", извршен на „Битолска крстосница", полициските службеници пронашле и одделе марихуана.

На 27.12.2023, по презимени оперативни мерки и активности, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Берово во продажен објект во с.Русиново, беровско да В.В. одзеле повеќе парчиња пиротехнички средства. Во консултација со јавен обвинител, по целосно документирање на случајот, против В.В. ќе биде поднесена соодветна пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 27.12.2023 околу 18.15 часот на место викано „Дулки" во близина на граничната линија со Косово, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Блаце при Регионалниот центар за гранични работи Север пронашле кеса со вкупно 5.000 парчиња пиротехнички средства, слакувани во 50 кутии. За настанот бил известен јавен обвинител, а пиротехничките средства биле подигнати за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2023 во 21.10 часот во ОВР Демир Хисар, од Јавната здравствена установа - Здравствен дом Демир Хисар било пријавено дека на прегледа дошол 3.Р.(58) од с.Жван, демирхисарско, кој имал повреда здобиена на работното место во рудник во општина Новаци. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 27.12.2023 во 23.50 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Г.Ш.(44) од Велес затоа што во домот на 56-годишна велешанка и се заканувал нејзе и на нејзиното семејство поради наведен дел на нејзиниот брат кон него. За настанот бил известен јавен обвинител, а Г.Ш. е задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2023 во 00.20 часот во велешко село, полициски службеници од Полициското одделение Чашка го лишиле од слобода Ц.Б.(49) од селото затоа што во семејниот дом, по претходна расправија, физички го нападнал неговиот 57 - годишен татко, при што употребил и дрвен. Предметот е одземен и за настанот бил известен јавен обвинител. Лицето е приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (28.12.2023) во 12.05 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода В.Т.(30) и С.М.(44), двајцата од Куманово, затоа што според пријавено во 11.50 часот во угостителски објект на улицата „Горче Петров" во Куманово физички го нападнале Б.К. од Куманово. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следува соодветна пријава.

На 27.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 31 прекршоци од кои 24 надвор од населено место и 7 во населено место. Санкционирани биле и 31 други видови на прекршоци од кои 2 за нерегистрирано возило, 11 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 8 за некорректен сигурносен појас и 9 за неправилно паркирање.

На 27.12.2023 во 21.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода М.Е.(65) од Скопје затоа што околу 16.00 часот на подрачје на Аеродром со остар предмет се заканило на Д.П.(32) и неговата мајка М.П.(52) од Скопје, по што и физички ја нападнал М.П., според пријавено, по претходна расправија во врска со случајна сообраќајна несреќа со Д.П.(32).. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 27.12.2023 во 20.10 часот во СВР Скопје, од Казнено - поправна установа Затвор Идризово било пријавено дека на 26.12.2023 во затворот, поради нерасчистени должинско - доверителски односи, осуденикот А.М.(27) со тврд предмет бил нападнат од осуденикот Б.Р.(33), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2023 околу 19.15 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај ним со убодни рани бил донесен 16-годишниот од Скопје. Според пријавеното, на подрачје на Полициската станица Бит Пазар, при физичка пресметка, тој бил нападнат со остар предмет од друг малолетник од Скопје. Во врска со настанот, во 21.05 часот, 17-годишник од Скопје пријавил дека на истото место и тој бил нападнат со остар предмет од истиот малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (28.12.2023) околу 01.20 часот во СВР Скопје, Е.З.(37) од Скопје пријавил дека на ул.„Крсте Асенов" настанал пожар во неговото патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистрациски ознаки. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Извршен бил увид.

На 26.12.2023 во 23.50 часот во СВР Скопје, О.Ц.(45) од С.Р`жаничино, скопско, пријавил дека пред угостителски објект на подрачјето на Петровец, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од С.Ј. од с.Петровец, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје, И.К.(39) од с.Петровец, скопско, пријавил дека пред пазарот во с.Петровец, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Б.Н. и М.Н., двајцата од с.Р`жаничино. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2023 во 11.40 часот во СВР Скопје, Д.Л.(22) од Скопје пријавил дека на 08.12.2023 околу 19.45 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од две лица, при кои едното од нив му нанело повреда со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2023 во 11.00 часот во СВР Скопје, Ш.Ј.К.(32) од Скопје пријавил дека на 24.12.2023 околу 04.00 часот на подрачјето на Центар, по претходна расправија, бил физички од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2023 во 11.15 часот во СВР Скопје, Н.Н.(68) од Скопје пријавил дека на бензинска пумпа во с.Идризово, скопско, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје, Н.М.(25) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Горче Петров незјинот малолетен син физички бил нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, М.Д.(66) од Скопје пријавил дека од домот во кој престојува во Скопје се одалечила неговата ќерка Б.Д.(30), по претходна расправија со С.Н. - дојкиња на Шавајдарија, со кого била во љубовна врска. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.Ј.(35) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, набавување, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 22.12.2023 во село Сушица, скопско, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавеното, при кој пронашле и одделе два пиштоли „Р38" со рамка и „Лјубеја застава" калибар 7,65 милиметри, автоматска пушка „М70 АБ2" и три рамки за неа и 79 куршуми.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Д.Т.(36) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". На 07.09.2022, приграбил - вработен како менаџер за деловни корисници во мобилен оператор од Скопје, потврдил претплатничин договор склучен помеѓу операторот и Апелационен Суд Гостивар за потплатничка линија, мобилна телефонија и интернет за вкупно 16 претплатничин телефонски броеви кои ги користеле вработени службени лица во Апелационен суд, во кој вметнал и телефонски број кој изместен период го користело лице од Скопје, при што во периодот од октомври 2022 годинa до август 2023 годинa во месечната фактура на име на Апелационен суд Гостивар се наплатувала и фактурата за бројот на лицето од Скопје. Со ваквите дејствија приграбениот го оштетил Апелационен Суд Гостивар за сума од 23.343 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.Е.(44) од село Калиште поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пустошење на шума". Во периодот од 25.12.2022 до 04.01.2023, приграбеност, без одобрение за сеча издадено од надлежен орган, во шума во атар на село Зубовце, сопственост на ЈП Национални шуми - Шар Гостивар, со моторна пила бесправно исекол 285 разновидни стебла огревни дрва, со цел предизвикал материјална штета во износ од 104.268 денари.

Сајт уред и изготвен е веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даме Мачев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поште: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет